

Шпаркасе Банка

ВРАБОТУВА

# САМОСТОЕН СОРАБОТНИК ЗА АЛМ

**ЛОКАЦИЈА**
Скопје, Дирекција Финансии/Оддел за Контролинг и АЛМ/
Служба за управување со средства и обврски АЛМ

Доколку имаш желба да бидеш дел од динамичен банкарски тим кој со отворен ум ги прифаќа секојдневните предизвици, имаш позитивен пристап во работата, покажуваш ентузијазам секогаш да бидеш најдобар во тоа што го работиш, имаш желба да учиш и да се развиваш преку организацијата и се трудиш да изнајдеш иновативни и креативни начини за реализација на задачите, а воедно ти е важно да работиш во средина во која се вреднува тимскиот дух и фер однесување, те охрабруваме да ни се придружиш и заедно со нас секојдневно да ги живееш нашите корпоративни вредности!

| | | | |
|---|---|---|---|
| **200 години групациско искуство -Erste & Steiermärkische Sparkasse** | **120.000 клиенти во земјата** | **35 експозитури и 95 АТМ** | **посветеност, кредибилитет и сигурност** |

## Што ќе биде твојата улога

Следење на исполнувањето на сите пропишани лимити во одржување на денарската и девизната ликвидност согласно одлуките на НБРМ и актите на Банката;

Следење на денарска и девизна задолжителна резерва и подготовка на извештаи кои се однесуваат на исполнување на задолжителната резерва;

Информирање на органите на управување за одржување на дневна ликвидност и исполнување на задолжителната резерва;

Подготовка на извештаи за Групацијата, редовни прегледи и известувања за искористеноста и распределба на средствата од кредитните линии;

Подготовка на компаративна анализа за пазарно учество на Банката и други компаративни анализи со банкарскиот сектор, и макроекономски анализи;

Учество во процесот на планирање и проектирање на ликвидната актива, изворите на финансирање, задолжителна резерва и усогласеност на планираните резултати со сите екстерни и интерни лимити;

Редовно следење на процесите и прилагодување на интерните акти во согласност со процесите и давање предлози за оптимизирање на процесите во Дирекцијата.

## Кои квалификации се потребни

ВСС - Економски факултет;

Најмалку 3 годишно работно искуство во банкарска институција или друга финансиска организација ќе се смета за предност;

Активно познавање на работа со компјутер (МС Office), напредно познавање на EXCEL и напредно познавање на англиски јазик;

Организациски способности, комуникациски вештини, креативност, способност за планирање и донесување на одлуки, дискреција и доверливост, обсервациски и аналитички вештини, прецизност, способност за работа под притисок.

## Кои ќе бидат твоите придобивки

Континуирана обука и можност за кариерен развој во банкарската групација Erste & Steiermärkische Sparkasse

Приватно здравствено осигурување

Конкурентна плата и дополнителни надоместоци

Динамична организациска култура во која се почитува иницијативноста, анагажманот, но и тимскот дух

Настани и активности за добросостојбата на вработените

Доколку веруваш дека токму ти си она што го бараме и имаш желба да се приклучиш кон тимот на Шпаркасе банка, те охрабруваме да ја искористиш оваа можност и да аплицираш на отворената позиција со испраќање на CV и мотивационо писмо на **kariera@sparkasse.mk** заклучно со **20.02.2023** со назнака **„Апликација за САМОСТОЕН СОРАБОТНИК ЗА АЛМ “.**

** Вашите апликации ќе имаат третман на строга доверливост. Само кандидатите кои ги исполнуваат потребните квалификации и услови ќе бидат повикани на интервју.*

** Ве молиме за доставување на Ваша согласност Вашите податоци и поднесени документи да се чуваат во базата на податоци на Банката во период од 1 година, доколку сте согласни со тоа. Оваа согласност кандидатот може да ја повлече во секое време со писмено барање.*

За дополнителни информации, посети ја страницата www.sparkasse.mk .

Те очекуваме! #верувајвосебе

SPARKASSE Bank